**Секторот** ги вршеше работите и работните задачи кои произлегуваат од законите и подзаконските акти кои го уредуваат овие области во интерес на граѓаните на град Прилеп, така што во деловодникот за 2014 година беа заведени 4052 предмети , во уписникот 625 предмети, барања за легализација на тераси33 и барања за потврда за точна адреса 3761.

Преку системот за е-одобренија, регистрирани се 163 барања од кои 95 се решени.

Во 2014 г.обработени се 1482 предмети за легализација на бесправно изградени објекти.

Во текот на 2014 година во, се одвиваат следните активности:

**ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

А. ДОНЕСЕНИ ПЛАНОВИ
***I.**ДОНЕСЕНИ **ДУП-ови***

- ДУПзаУЕ7УБ7.01"Б", ОпштинаПрилеп
- ДУПзаУЕ7 УБ7.02"З",ОпштинаПрилеп
- ДУПзаУЕ9, УБ9.02"2",ОпштинаПрилеп
- ДУПзаУЕ 10, УБ 10.01 "5" ,ОпштинаПрилеп
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.01 "3" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 18, УБ 18.03 "1" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.01 и УБ 13.02 "3" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 8, УБ 8.02 "1" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 6, УБ 6.01 "3" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 8, УБ 8.04-дел ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 15, УБ 15.01 "2" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 2, УБ 2.02 "2" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01 "6" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 15, УБ 15.01 "1" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.03 "1" ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.03 "2" ,Општина Прилеп

**II.**ДОНЕСЕНИ **ЛУПД**

- ЛУПД заизградбана "Стопанскикомплекс -погонзаметалнипроизводи,, на КП бр. КП 10/8 КО Селце

**III.**ДОНЕСЕНИ **АУП**

- АУП зафабриказаексплоатација,преработка и вградувањенаукрасенкамен ДОО "Крин - Произвотство"
- АУП заГП 1 на КП 23293,23299 И 23300 од ДУП за УАЕ бр.18, УБ.18.02 „1„ КО Прилеп
- АУП за Г2-лесна и незагадувачкаиндустријаво Г.П. 1 на КП 6044/48 КО Варош

**Б.** ОТПОЧНАТА ПОСТАПКА ЗА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

***I.ИЗМЕНАИ ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП***

- ИЗМЕНАИДОПОЛНУВАЊЕНА ГУП на ГРАД ПРИЛЕП 2013-2023

***II.ПЛАНОВИВОПОСТАПКАВО 2014Г***

- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 ”9” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 14, УБ 14.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.03 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.02 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 1, УБ 1.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.04 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 14, УБ 14.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 21, УБ 20.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.01 ”3” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 ”7” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.03 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 3, УБ 3.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.02 ”3” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 2, УБ 2.03 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 10, УБ 10.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 8, УБ 8.04 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.05 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 15, УБ 15.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.01 ”2” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.03 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 1, УБ 1.03-ДЕЛ ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 16, УБ 16.02 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 2, УБ 2.01 ”А” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 5, УБ 5.01 ”3” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 5, УБ 5.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 6, УБ 6.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 7, УБ 7.01 ”7” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.01 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.02 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 9, УБ 9.03 ”А” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.03 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 13, УБ 13.02 ”3” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 15, УБ 15.02 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.03 ”А” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 17, УБ 17.04 и УБ 17.05,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.04 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.05 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.07 ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.09 ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 19, УБ 19.09 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.06 ”1” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.06 ”3” ,Општина Прилеп

- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 ”А” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 ”4” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 20, УБ 20.06 ”3” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 ”3” ,Општина Прилеп
- ДУП за УЕ 21, УБ 21.01 ”6” ,Општина Прилеп

***III.ЛУПД ВО ПОСТАПКА***

- ЛУПД на КП бр.1930 , КО Мажучиште
- ЛУПД на КП бр.227 и 228 , КО Ново Лагово
- ЛУПД на КП бр.207,208,209,211 и 212 , КО Ново Лагово
- ЛУПД на КП бр.1458/6 , КО Бешиште
- ЛУПД на КП бр.2438/2 , КО Прилеп
- ЛУПД на КП бр.1720/4 , КО Плетвар
- ЛУПД на КП бр.279/2 , КО Мал Радобил
- ЛУПД на КП бр.261,269,269/1-дел,178-дел , КО Беровци
- ЛУПД на КП бр.2963 , КО Варош
- ЛУПД на КП бр.993, КП бр.994, КП бр.995, КП бр.996, КП бр.966, КП бр.990, КП бр.991, КП бр.992, КП бр.989 и КП бр.964, КО Тополчани,
- ЛУПД на КП бр.1185,1184 и1167 , КО Мажучиште

***IV.УПВНМ ВО ПОСТАПКА***

- УПВНМ РУДНИК „СИВЕЦ„ КО Присад
- УПВНМ РУДНИК „ВЕПРЧАНИ„
- УПВНМ на КП 68 и 69 КО Алинци

**ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПАТИШТА И УЛИЦИ**

Во текот на 2014 година во склоп на програмата за изградба и реконструкција на улици и општинска патишта беа извршени повеќе активности од доменот на рехабилитација, реконструкција, изведување и одржување на патната мрежа во општината.

Реконструкција и изведба на асфалтна коловозна конструкција се изврши на следните улици :

Улица „Александар Македонски„-1100м; улици „Осоговска„-500м; улица „ Орде Чопела„-300м; улица „Јоска Јорданоски„-300м; улица „Романија„-100м; улица „Круме Волнароски„-400м; улица „Радовишка„-300м; улица „Трајко Николоски„-100м; . Улицата „Александар Македонски„ на од крстосувањето со улица „11-ти Октомври„ до бензинска помпа на Макпетрол, во должина од 1100м, е целосно реконструирана од улица со коловоз од 7м во магистрална улица со четири коловозни ленти, двострани велосипедски патеки и тротоари и комплет ново улично осветлување.

Во 2014 година вкупно изведени улици со асфалтна коловозна конструкција се 28000м$^2$.

Подобрување на патната инфраструктура се надополнува со поставување на подлога (тампонски носив слој од толченик) и припрема за асфалтирање во наредниот период. Тоа беше направено на следните улици : „Маргара„-краци-300м; улица „Отомвриска„-крак-60м; улица „Крушевска„-крак-60м; улица „Блаже Темелккоски„-крак-50м; улица „11-ти Октомври„-крак- 50м; улица „Ѓоре Велкоски Стрелакта„-150м; улица во н.м. Големо Коњари-250м; улици во н.м. Беровци - 200м. Се започна со реализација на реконструкција на крстосницата на улиците „Александар Македонски„ и „11-ти октомври„ каде што се изведува крстосница со кружен тек на сообраќајот.

Одржување и заштита на општински патишта и улици

Од аспект на одржување на улиците и патиштата во Општината, во неколку наврати се изврши корекција, санирање и асфалтирање на ударни дупки, прокопи и сл. како и интервентно планирање, валирање и тампонирање на критични места на улици и патишта во општина Прилеп.

Во текот на 2014 година работено е во континуитет према потребите, во текот на целата година, хоризонтално и вериткално обележување на улиците согласно тендерските договори. Вкупните вложени средства се обезбедени од ЕЛС Прилеп.

Во текот на зимската сезона на почетокот на годината односно во периодот од 01.01.2014 год. до 15.03.2014 година, од страна на тендерски избраниот извршител на работите е интервенирано и се чистени како улиците во градот така и патиштата до населените места во Општината и е извршувано постојано дежурство од страна на службата за зимско одржување. Од 15.11.2014год. до 31.12.2014 година во тек на новата сезона за зимско одржување се работеше по истиот начин со дежурства и интервенции.

Во 2014 г. беа издадени следните документации:

85 - Лиценци за фирми за такси превоз
191 - изводи од лиценци за такси возила
4 - лиценци за општински линиски превоз
4 - дозволи за општински линиски превоз
7 - дозволи за посебни линиски превоз
11 - возни редови
15 - решенија за промена на режим на сообраќај

220 - одобренија за користење на простор пред деловен и угостителски објект
45 - одобренија за користење на јавна површина
45 - одобренија за поставување на реклами

**ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Во текот на <u>2014 година</u> се започнати, и не сосема дореализирани следните линиски градби:

1. Изградба на Мрежа за Фекална канализација во населено местоМАЛО КОЊАРИ (вкупна должина 5.235,00м)

- Општината е учесник во изградбата на „Мрежа за Фекална канализација во населено место МАЛО КОЊАРИ„ така што ја реализира јавната набавка и е обврзана на финансиски удел до целосна доизгадба на предметната градба, покрај донацијата од Агенција за рурален развој на РМ (во износ од 8.392.620,00ден без ДДВ), така што за општината останува дел од 6.955.000,00 и ДДВ-то од сумата на Донаторот 1.510.672,00ден);

2. Izgradba na Локален канализационен систем МРЕЖА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО СИСТЕМ ЗА ПРЕДТРЕТМАН на ОТПАДНИТЕ ВОДИ за населено место КАНАТЛАРЦИ, КО Канатларци(вкупна должина 7.264,00м)

3. Izgradba na ДЕЛ од МРЕЖАТА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО СИСТЕМ ЗА ПРЕДТРЕТМАН на ОТПАДНИ ВОДИ за населено место ГОЛЕМО КОЊАРИ, КО Големо Коњари(вкупна должина 5.781,00м)

Двете градби се реализираат од Европската инвестициона банка по Договорот за заем на Проектот “Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ бр.83/10), а преку јавна набавка спроведена од МТВ на РМ-евалуирана е крајна понуда со износ од 33.822.160,00ден

3. Во 2014 год. реализацирано во ПРВА-та фаза од донираниот проект„Реконструкција и продолжување на канализационата мрежа во Прилеп„ од страна на ЕБ, е 60% од договорот, и тоа:

*изградени се следни делници -улици*
-Кеј 19-ти СЕПТЕМВРИ
-Улица ВЕРА ЦИРИВИРИ
- Дел од КЕЈ 1-ви МАЈ (кон излез од градот)
-Дел од КЕЈ 9-ти СЕПТЕМВРИ (на излези од градот кон запад и исток)
-Улица ТРИЗЛА
-Дел од ГЛАВЕН КОЛЕКТОР ( на излез од градот)
-Ул. МИЦЕ КОЗАР

Во тек е изградба на делници од Мрежата за фекална канализација,одн. отворени се градилишта по следните локации-улици:

-ЦАР САМОИЛ

КЕЈ 1-ви МАЈ (кон центарот)

-КЕЈ 9-ти СЕПТЕМВРИ (кон центарот)

-Улица БЛАЖЕ ИВАНОСКИ

-ПЕТ Улици во населба ТРИЗЛА, ДРАВСКА; БОГОМИЛСКА..

-Ул. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ (кон објект на некогашен „ЦРН БОР„)

4. Општината единствено ја финансираше оконча изградбата на

, СЕПАРИРАНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОСНАБДУВАЊЕ на урбаниот опфат викан „Прилеп 1„ (комплекс зад Металец).

**ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

Тековно одржување на јавно осветлување

Реализирано е тековно одржување на јавното осветлување со редовна промена на светилки и други тековни поправки во мрежата од јавното осветлување. Подобрена е и самата мрежа со делумна замена на воздушните неизолирани водови со изолирани , замена на подземни кабли и поставување на нови сијалични места . Вкупно е ралbuild 2 000 000 .00 денари за материјали и 2 000 000.00 денари во трошоци за нивно вградување и други интервенции .

Изградба на јавно осветлување - Завршени

Реконструкција на парк пред Комерцијална банка , поставени се 33 модерни и енергетски ефикасни канделабри и една канделабра „ светлечко дрво „ и променета е поземната кабловска инсталација со вкупна инвестиција од 3 000 000 .00 денари . Осветлување на кружен тек ул.„ Александар Македонски„ ул.„11-ти Октомври„ и ул.„Октомвриска„ со поставување на 4 нови и репарирање на 4 столбови од 12 метри, инвестиција од 500 000 денари, осветлување на градски часовник инвестиција од 150 000 денари .

Отпочнати

Кабловска канализација за ул.„ 11ти Отомври „ со должина од 400 метри и инвестиција од 1 000 000 денари , осветлување на ул.„ Гоце Делчев „ во должина од 400 метри и поставување на нови 13 метални столба од 10 метри, инвестиција од 1 000 000 денари

Изготвена е техничка документација и тоа за следните локации

ул.„Преспанска„-дел 200 метри; Ул.„ Архимедова „- дел 150 метри; Ул.„Петар Ацев„ - дел 150 метри; Ул.„ Александар Македонски „ - крак 200 метри; Ул.„Димче Антулески„ дел – 150 метри; Ул.„ Браќа Миладиновци„ - крак 200 м.; Ул.„Ладо Лапецот„- крак 150 м.; Ул.„Тетовска„ -дел 150 м.; Ул.„Цане Кузманоски„-крак 150 м.; Ул.„Ило Попадинец„ -крак 150 м.; Ул.„Београдска„ -дел 350 метри , индустриска зона „ Прилеп 1 „ во близина на „ Металец „

Во 2014 г. беше реализиран прооектот - стадион со вештачка трева и соблекувални

**ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ, РАСПОЛАГАЊЕ, АДМИНИСТРИРАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА**

Во текот на 2014 година се одвиваа следните активности:

1. БАРАЊА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗВОД ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Во одделението беа пристигнати 710 барања за извод од ДУП од кои сите беа реализирани во законскиот рок.

2. БАРАЊА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ПРЕДВИДЕНА СО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, А ЛИЦЕТО ИМА ВО СОПСТВЕНОСТ ПОВЕЌЕ ОД 30% ОД ГРАДЕЖНАТА

ПАРЦЕЛА И АКО СО ПЛАНОТ НА ТАА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НЕ СЕ ПРЕДВИДУВА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС УТВРДЕН СО ЗАКОН

Во одделението беа пристигнати 17 барања. Постапено е по 17 барања, што значи дека со истите странки е потпишан и солемнизиран договорот за откуп на градежно земјиште во сопстеност на Општината.

3. БАРАЊА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ДРУГИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА ОБЈЕКТИ ИЛИ ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ОБЈЕКТИ ИЗГРАДЕНИ СО ГРАДЕЖНО-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНТИРАНИ ВО ЈАВНАТА КНИГА НА НЕДВИЖНОСТИ КОИ НЕ ПОСЕДУВААТ АКТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во одделението пристигнаа 95 барања, од кои се решени82. Останатите 13 барања се во тек и нивната реализација е пренесена во 2015 година.

4. БАРАЊА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ВРЗ ОСНОВА НА ДОГОВОР СКЛУЧЕН СО ПОРАНЕШЕН СОПСТВЕНИК ПРЕД ПОВЕЌЕ ОД 20 ГОДИНИ ОД ДЕНОТ НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Во одделението беа пристигнати 78 барањаод кои се решени 34. Останатите 40 барања се во тек и нивната реализација е префрлена во 2015 додека кај 4 постапката е прекината.

5. ОБЈАВИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НАЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Во 2014 година, реализирана е една објава за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање, што подразбира Објавување дека е во тек постапка за електронското јавно наддавање, во дневен печат и на интернет страни, прибирање на пријави за јавното наддавање, водење на постапката пред и по завршување на јавното наддавање се до потпишување на договори за купените парцели и нивна солемнизација.

Во вкупно една Објави продадени се вкупно 4 парцели градежно неизградено земјиште, од кои со намена:

Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, продадена се 2 парцели,

А2-семејно домување во згради, продадена е 1 парцела,

Б2-големи трговски единици, продадена е 1 парцела.

6. БАРАЊА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОД ЛЕГАЛИЗИРАН ОБЈЕКТ.

Во одделението беа пристигнати 20 барања. Постапено е по 11 барања, што значи дека со истите странки е потпишан и солемнизиран договорот за откуп на градежно земјиште во сопственост на Општината, додека за 2 барања е сосема прекината постапката или е прекината поради предходно прашање, а 7 се во тек и нивната реализација е префрлена во 2015.

**IV. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - 2014 год.**

Во текот на изминатата 2014 год. во ТППЕ - Прилеп примени се вкупно 362 пријава за настанати пожари и други непогоди. Од вкупно примените пријави за настанати пожари и други непогоди :

- 157 пријави се за настанати пожари на објекти со вкупна материјална штета од околу 3 953 300.00 ден.
-13 пријави се за настанат пожар на сообраќајни средства со вкупна материјална штета од околу 466 500.00 ден.
-98 пријави се за настанат пожар на отворен простор ( шумски површини, земјоделски површини, депонии и сл.) со вкупна површина од 164.3 ха.
- 27 примени пријави се за технички интервенции
-38 други активности(разни обезбедувања, носење на вода и др. активности
-4 пријави за интервенција во соседна општина
-14 лажни пријави на кои што ТППЕ излегла но немало пожар.
-11 пријави на кои од оправдани причини ТППЕ не интервенирала.

Статистичките податоци што се водат во ТППЕ покажуваат дека од година во година се поголем е бројот на таканаречени технички интервенции кои што се состојат од интервенирање пред се на:

- Техничка интервенција на сообраќајни незгоди - што се состои од извлекување на повредени или погинати лица во истите.
- Техничка интервенција за спасување на лица од длабочини и височини - што се состои од спасување од провалии, понори,бунари и слично.
-Спасување на лица од разни агресивни и опасни средини - што се состои од спасување на лица од разни резервари, помош и излевање на лица и имот од разни опасни материи ( разни киселини, смоли, истекување од плински уреди и слично.).
-Исцрпување на вода од поплавени простории и други настанат ситуации.

Работата на ТППЕ на терен на полето на превентивно дејствување во населените места се состоеше во одржување на состаноци со месното население, пуштање на флаери и соопштенија, а во соработка со Противпожарниот сојуз и Дирекцијата за заштита и спасување, како и други превентивни активности кои беа превземени, во текот на 2014 година бројот на пожари на на отворен простор беа сведени на една минимална бројка (во споредба со другиоте години-се смета дека 2014 е најмирната година со број на пожари во последните 15 години-имаќи ги во предвид и временските улови), а и настанатите пожари многу брзо беа приметувани и пријавувани во ТППЕ, па истите беа брзо локализирани и не се дозволи истите да поминат во пожари со поголеми размери. Исто така би сакал да напоменам дека ТППЕ редовно се вклучува во разни организирани случувања како што беше пошумувањето (земаме редовно учество во сите акции, потоа во разни спортски активности како и разни обезбедувања ,разни спортски случувања, фестивалот на пивото, прослава на празници и годишнини и други слични манифестации).

Во текот на 2014 год беше одржано првото Државно натпреварување на сите противпожарни единици во делот на техничките интервенции (спасување на лица повредени во сообраќајни незгоди) при што нашата единица го освои второто место на државно ниво што покажува за спремноста и подготвеноста на вработените во ТППЕ за интервенции на вакви настани.

Територијалната професионална противпожарна единица (ТППЕ) Прилеп согласно Законот за пожарникарство има задача за гасење на пожари, спасување на животот на граЃаните и заШтита на имотите загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помоШ при незгода и опасни ситуации како и изврШување на други работи при несреЌи и непогоди, на територијата на ОпШтина Прилеп како и ОпШтините Долнени и КривогаШтани. Територијата Што ја покрива наШата единица е една од нај големите во Република Македонија, односно ОпШтина Прилеп зафаЌа поврШина од 1195 км2 со 59 населени места со 76768 жители, ОпШтина Долнени зафаЌа поврШина од 430 км2 со 37 населени места со 13805 жители и ОпШтина КривогаШтани зафаЌа поврШина од 97 км2 со 12 населени места со 6150 жители. Или вкупно територијата Што ја покрива ТППЕ Прилеп со опШтините Прилеп, Долнени и КривогаШтани изнесува 1722 км2 со 108 населени места со 96723 жители.

Територијалната професионална противпожарна единица (ТППЕ) моментално располага со 9 ПП возила од кои:

- три (3) возила се навални
-три ( 3) возила се ПП цистерни
-три (3) се теренски возила - Лада Нива

Овде би сакал да напоменам дека едното од навалните возила ( ТАМ 5500 со рег бр. ПП 428 БЕ ) е со старост од 37 год., додека двете ПП цистерни (ФАП 14/14) се со старост од 28 год., ПП цистерната Мерцедес е со старост од 34 год., што представува и поголема тешкотија во самото одржување и нормално функционирање на единицата.

Моментално работата во единицата ја извршуваат 32 ПП работници и Командирот на единицата (вкупно 33). Работата во единицата се извршува со дежурство од 24 часа, а вработените се распоредени во четири ( 4) ПП одделенија. Во секое одделение има Командир на одделението и Водична група, а останатите се пожарникар - возач или пожарникар.

Што се однесува до работата на вработените во единицата во текот на 2014 год. во целост сум задоволен и тоа:

-Во смисла на дисциплината и редовноста на вработените во единицата односно редовност при идење и одење од работа.

-Во смисла на грижа за колективната и лична опрема односно одржување во чиста и исправна состојба.

-Во смисла на дисциплина при секоја интервенција, како од раководителот со акцијата така и од сите други учесници - ПП работници( од почнување, извршување па до завршување на настанатата ситуација како и евиденција на истата)

Како што напоменав возниот парк во нашата единица е доста застарен, па затоа и во текот на 2014 год. имавме голем број на дефекти на возилата, но со едно несебично залагање на вработените, поголемиот дел од истите е отстрануван токму од страна на вработените во ТППЕ.

Во текот на 2014 год. како што претходно беше образложено во нашата единица примени беа 362 пријава, каде што интервенирала нашата единица, а за успешно справување со сите овие настани вкупно се ангажирани 870 пожарникари, 333 возила и потрошени се 612 работни саати.

## МЕСЕЧНА ДИНАМИКА НА БРОЈОТ НА ПОЈАВЕНИТЕ ПОЖАРИ

| | Јануари | Февруар | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септем | Октом | Ноемв | Декем | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лисјари | | | | | | | | | | | | | |
| Четинари | | | | | | | | | | 1 | | | 1 |
| Мешани | | | 3 | | | | | | | | | | 3 |
| Шикари | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | | 4 |
| **Вкупно шуми** | | | 4 | 1 | | | 1 | 1 | | 1 | | | 8 |
| Стрништа | | | | | | | | 13 | | 1 | | | 14 |
| Житарици | | | | | | | 2 | | | | | | 2 |
| Овоштарници | | | | | | | | | | | | | |
| Лозја | | | | | | | | | | | | | |
| Ливади | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Пасишта | | 1 | 1 | | | 1 | 2 | 2 | | 1 | | | 8 |
| **Вкупно земјоде Површини** | 1 | 2 | 1 | | | 1 | 5 | 16 | | 2 | | | 28 |
| Депонии | | | 3 | | 2 | 1 | 2 | 4 | 2 | | 3 | 2 | 19 |
| Останато | 2 | 4 | 6 | 1 | | 6 | 17 | 6 | 1 | | | | 43 |
| **Вкупно отворен Простор** | 3 | 6 | 14 | 2 | 2 | 8 | 25 | 27 | 3 | 3 | 3 | 2 | 98 |
| Објекти | 30 | 17 | 17 | 8 | 13 | 5 | 15 | 8 | 7 | 7 | 9 | 21 | 157 |
| Сообраќ средс | 1 | 2 | 1 | | | | 1 | 1 | | 4 | 1 | 2 | 13 |
| Останати пожа | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 34 | 25 | 32 | 10 | 15 | 13 | 41 | 36 | 10 | 14 | 13 | 25 | 268 |

## МЕСЕЧНА ДИНАМИКА НА ОПОЖАРЕНИ ПОВРШИНИ

| | Јануар | Февруа | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септем | Октом | Ноемв | Декем | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лисјари | | | | | | | | | | | | | |
| Четинари | | | | | | | | | | **0.05** | | | **0.05** |
| Мешани | | | **9** | | | | | | | | | | **9** |
| Шикари | | | **3** | **1** | | | **6** | **15** | | | | | **25** |
| **Вкупно шуми** | | | **12** | **1** | | | **6** | **15** | | **0.05** | | | **34.05** |
| Стрниш | | | | | | | | **100.3** | | **0.1** | | | **100.4** |
| Житари | | | | | | | **1.8** | | | | | | **1.8** |
| Овошта | | | | | | | | | | | | | |
| Лозја | | | | | | | | | | | | | |
| Ливади | **0.2** | **0.2** | | | | | **0.2** | **0.6** | | | | | **1.2** |
| Пасишта | | **5** | **5** | | | **2** | **1.3** | **4** | | **1** | | | **18.3** |
| **Вкупно Зем пов** | **0.2** | **5.2** | **5** | | | **2** | **3.3** | **104.9** | | **1.1** | | | **121.7** |
| Депонии | | | **0.021** | | **0.031** | **0.001** | **0.003** | **0.101** | **0.15** | | **0.003** | **0.002** | **0.312** |
| Останати | **4.03** | **0.65** | **0.282** | **0.002** | | **0.112** | **2.915** | **0.216** | **0.02** | | | | **8.227** |
| **Вкупно** | **4.23** | **5.85** | **17.303** | **1.002** | **0.031** | **2.113** | **12.218** | **120.217** | **0.17** | **1.15** | **0.003** | **0.002** | **164.289** |

## ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР СПОРЕД ГОЛЕМИНАТА НА ОПОЖАРЕНАТА ПОВРШИНА

| | ГОЛЕМИНА НА ОПОЖАРЕНАТА ПОВРШИНА | | | | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | < 1 | 1 - 5 | 5 - 25 | 25 - 50 | 50-100 | 100-250 | 250-500 | 500-1000 | 1000-1500 | 1500-2000 | 2000-3000 | >3000 | |
| Лисјари | | | | | | | | | | | | | |
| Четинари | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| Мешани | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | 3 |
| Шикари | 1 | 1 | 2 | | | | | | | | | | 4 |
| **Вкупно шуми** | 3 | 2 | 3 | | | | | | | | | | 8 |
| Стрништ | 4 | 4 | 5 | 1 | | | | | | | | | 14 |
| Житариц | | 2 | | | | | | | | | | | 2 |
| Овоштар | | | | | | | | | | | | | |
| Лозја | | | | | | | | | | | | | |
| Ливади | 4 | | | | | | | | | | | | 4 |
| Пасишта | 1 | 5 | 2 | | | | | | | | | | 8 |
| **Вкупно Зем. Пов** | 9 | 11 | 7 | 1 | | | | | | | | | 28 |
| Депонии | 19 | | | | | | | | | | | | 19 |
| Останати | 41 | 2 | | | | | | | | | | | 43 |
| **Вкупно** | 72 | 15 | 10 | 1 | | | | | | | | | 98 |

## СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БРОЈОТ НА НАСТАНАТИТЕ ПОЖАРИСПОРЕД МЕСЕЧНАТА ДИНАМИКА НА НАСТАНУВАЊЕ

| | Јануари | | Февруар | | Март | | Април | | Мај | | Јуни | | Јули | | Август | | Септем | | Октомв | | Ноемвр | | Декемв | | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** | **13** | **14** |
| Лисјари | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Четинар | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | 1 |
| Мешани | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 3 |
| Шикари | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | 4 |
| **Вкупно шуми** | | | | | | **4** | | **1** | | | | | | **1** | | **1** | | | | **1** | | | | | | **8** |
| Стрниш | | | | | | | | | | | | | | | | 13 | | | | 1 | | | | | | 14 |
| Житари | | | | | | | | | | | | | | 2 | | | | | | | | | | | | 2 |
| Овошта | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Лозја | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Ливади | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | 4 |
| Пасиш | | | | 1 | | 1 | | | | | | 1 | | 2 | | 2 | | | | 1 | | | | | | 8 |
| **Вкупно Зем пов** | | **1** | | **2** | | **1** | | | | | | **1** | | **5** | | **16** | | | | **2** | | | | | | **28** |
| **Депонии** | | | | | | **3** | | | | **2** | | **1** | | **2** | | **4** | | **2** | | | | **3** | | **2** | | **19** |
| **Останато** | | **2** | | **4** | | **6** | | **1** | | | | **6** | | **17** | | **6** | | **1** | | | | | | | | **43** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно Отворен Простор** | | **3** | | **6** | | **14** | | **2** | | **2** | | **8** | | **25** | | **27** | | **3** | | **3** | | **3** | | **2** | | **98** |
| **Објекти** | | **30** | | **17** | | **17** | | **8** | | **13** | | **5** | | **15** | | **8** | | **7** | | **7** | | **9** | | **21** | | **157** |
| **Сооб.сред** | | **1** | | **2** | | **1** | | | | | | | | **1** | | **1** | | | | **4** | | **1** | | **2** | | **13** |
| **Оста.пож** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | **34** | | **25** | | **32** | | **10** | | **15** | | **13** | | **41** | | **36** | | **10** | | **14** | | **13** | | **25** | | **268** |

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ЈОУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА “БОРКА ТАЛЕСКИ“ ПРИЛЕП

**I. Вовед**

Остварувањето на програмските цели и задачи зацртани во Годишната програма за работа на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп за 2014 година, вработените во Библиотеката, солидно ги извршуваа во текот на целата 2014 година, успешно задоволувајќи ги потребите на корисниците на своите услуги.

Исто така, водеа сметка тие да бидат во склад со Националната програма за култура на Министерството за култура на РМ, како и со Програмата за култура на Локалната самоуправа Прилеп, а истовремено да бидат усоглсени и со законската регулатива во Р.М.

Бидејќи на Библиотеката, како локална установа од областа на културата, основна и примарна задача и е да ги задоволува културните, образовните и информативните потреби на сите жители на Општина Прилеп и пошироко, таа, во текот на 2014 година, тоа го правеше преку работата на своите постојни сектори и оддели во Матичната библиотека, но и преку работата на нејзините Подрачни библиотеки во Варош и во с. Тополчани, со што успеа културните и образовните потреби на граѓаните на Општина Прилеп да ги доведе на едно задоволително, повисоко ниво.

Особено беше значаен нејзиниот придонес при организирањето и реализирањето на многубројни културни и книжевни случувања, како што се:

- Комплетирање и збогатување на постојните книжни фондови со најнова литература од лектирните изданија, од белетристичката, научната и стручната област, која покрај позајмувањето беше презентирана на пошироката јавност и преку проектот **„Изложби на** Интензивирање на подготовките, за **што поскоро реализирање на проектот за проширување и доизградување на преку потребниот нов магацински простор** во Одделот за возрсани;
- **Ги заштитуваше библиотечните добра**;
- Продолжи со **стручното усовршување на своите вработени**, како во програмата COBISS/3, односно стручно усовршување на кадарот за електронската позајмица на библиотечниот материјал, така и за другите електронски процеси
- Ги **имплементира современите библиотечни новини,** односно преминувањето **од COBISS/2 во COBISS/3** програмското опкружување
- Исто така, продолжи со **автоматизацијата на библиотечните процеси и го воведе COBISS/3 зајмувањето**
- Продолжи со **дигитализација на делата од издавачката продукција** на Библиотеката
- Овозможи **слободен пристап до сите информации** и до сите културни и уметнички вредности со кои располага Библиотеката
- Ја реорганизира работата на пултот за возрасни со **воведување на службата библиотекари - информатори**, со цел побрз и поквалитетен пристап до бараната книга или информација на корисниците на библиотечните услуги;
- Продолжи со **реализирање и проширување на проектот Бесплатен упис на лицата од социјално ранливите категории** во соработка со Центарот за социјална работа - Прилеп;

●Продолжи со **реализацијата на проектот „Такси книга“** со кој им се овозможува на лицата со посебни потреби бесплатен пристап до книгата со доставување на книгите преку такси услугата;

●Ја воведе **услугата „Кажи тема - добиј книга“.**

●Организираше **литературни средби со роднокрајните автори** и ги претставуваше на прилепската културна јавност;

●Ја интензивира својата **соработка со основните и средните училишта во Општината,** организирајќи научно-културни и образовни манифестации, како литературни читања, натпревари, изложби, продажни саеми на книгата, средби со писатели за деца и млади, **со цел да ја стимулира креативноста кај младата популација**

●Ја интензивира својата **соработка со други библиотеки во Република Македонија и на Балканот**

●Ја негуваше и ја прошири **соработката со разни автори, невладини организации, странски културни претставништва и амбасади во Република Македонија**;

●**Афирмираше и публикуваше роднокрајни автори** како и монографски и библиографски изданија за Прилеп и Прилепско;

●**Продолжи и со сопствената издавачка дејност** на изданија кои ја третираат и опфаќаат мапата на културниот и духовниот простор на Прилеп и неговото опкружување;

●**Се залагаше** за прераснување на традиционалното „**Поетско Маркукуле“ во меѓународна поетска манифестација**;

● Го организираше натпреварот **„Најдобар млад оратор на Прилеп“** со учество на натпреварувачи од средните училишта;

●Исто така ги организираше и **традиционалните натпревари** за избор на **„Најдобар млад библиотекар“, „Најдобар рецитатор“ и „Најдобра лична творба“**;

● Продолжи и со **стимулирање на личниот креативен ангажман и развој на вработените**

●**Корисниците** на библиотечните услуги, граѓаните и пошироката јавност **навремено ги информираше за сé** она што им го нудеше и што го организираше Библиотеката во текот на годината

**II. Извештај за дејноста на Библиотеката во 2014 година според Програмата за работа**

**1. ПРОГРАМА КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КНИЖНИТЕ ФОНДОВИ**

**1.1 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ОПШТИОТ ФОНД**

**Купување**

Библиотеката и во 2014 година активно ја следеше издавачката дејност во Републиката. За реализирање на Прогрмата за комплетирање на книжниот фонд беше посетен Саемот на книги во Скопје, во текот на месец април 2014 година, со што се реализира проектот за набавка на стручна, лектирна и белетристичка литература, по саемски цени, од повеќе издавачки куќи во Република Македонија.

Исто така, Библиотеката продолжи со набавка на нова литература и од институции и поединци, со што значително ги збогати своите книжни фондови, како и фондовите во подрачните библиотеки во Варош и во с. Тополчани.

**Се набавија нови 5.217 публикации**, односно монографски публикации, научни, стручни, лектирни, белетристички, енциклопедиски и речнички изданија.

Средствата за набавка на новата литература беа обезбедени од сопствени приходи, односно од членарина и преку блок дотации од Локалната самоуправа – Прилеп.

Од овие два извора, беше набавена **нова литература од вкупно 7.217 публикации од сите жанрови** (лектири, белетристика, енциклопедии и речници, научни и стручни изданија, свески, периодични публикации, **весници и списанија**), **за што се потрошија 68.537,00 денари од сметката на сопствените приходи и 582.551,00 денари од Блок дотациите на буџетската сметка.**

**Во горенаведнеите средства е вметната и сумата за подготовка и печатење на публикациите од издавачката дејност на Библиотеката.**

**1.2 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КНИЖНИОТ ФОНД ВО ДЕТСКИОТ ОДДЕЛ**

Преку набавка на најновите изданија за деца, од сите области, како и набавката на најнови детски сликовници и енциклопедии, книжниот фонд во **Детскиот оддел**, во 2014 година **се збогати со** уште **436 нови наслови**.

**1.3 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КНИЖНИОТ ФОНД ВО РОДНОКРАЈНИОТ ОДДЕЛ**

**Роднокрајната збирка** на Библиотеката, која е составена од публикации од прилепски автори, од публикации од туѓи автори, а кои се однесуваат на Прилеп и прилепскиот крај, како и од публикации објавени на подрачјето на Општина Прилеп и во 2014 година **беше збогатена** со многу плакати, фотографии, документи и сл., а и **со нови 51 публикации**.

Роднокрајниот оддел се комплетира и збогати и со нов роднокраен библиотечен материјал, како и со ракописи, документи, доктората, карти, плакати, дробен печат, видео касети, ЦД-а, музички записи и сл.

**1.4 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КНИЖНИОТ ФОНД ВО ОДДЕЛОТ ЗА СТРАНСКА ЛИТЕРАТУРА**

Комплетирањето на книжниот фонд во **Одделот за странска литература** се одвиваше и во 2014 година и се набавија **230 нови наслови.**

**1.5 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КНИЖНИОТ ФОНД ВО ПОДРАЧНИТЕ БИБЛИОТЕКИ**

Збогатувањето на книжниот фонд со нова литература продолжи и во 2014 година и во подрачна библиотека **во Варош**, во која **се набавија 150 нови наслови** на лектири, стручна литература и белетристика. За читателите на оваа подрачна библиотека се обезбедуваше и дневен печат.

**Подрачната библиотека во Тополчани** се комплетираше **со 48 нови наслови**, но и со примероци од најстариот фонд на матичната библиотека, кои откога беа обработувани во автоматизираната база на податоци, по еден примерок се оставаше во магацинот, а дуплите примероци, заради ослободување на магацински простор, се носеа во подрачната библиотека во Тополчани.

**1.6 КОМПЛЕТИРАЊЕ НА СЕРИСКИТЕ ПУБЛИКАЦИИ**

Континуирано и во 2014 година Библиотеката набавуваше весници и списанија наменети за читателите во читалните во Матичната библиотека, како и за читателите во подрачната библиотека во Варош.

**Се набавија околу 2.100 периодични публикации, свески, весници и списанија**, и тоа од следните изданија: „Дневник“, „Нова Македонија“, „Зенит“, „Службен весник“, „Утрински весник“, „Вест“, „Вечер“, „Стремеж“, „Здравје“, „Екологија“, „Република“, „Културен живот“, „Развиток“, „Културно наследство“, „Библиотечен тренд“, „Синдикален весник“ и др.

**ДОНАЦИИ**

И во 2014 година на Библиотеката ѝ беа донирани книги од Министерството за култура, од поединци, институции и сл.

**2. ПРОГРАМА**

**2.1 ТЕХНИЧКА И СТРУЧНА ОБРАБОТКА НА МОНОГРАФСКИ ПУБЛИКАЦИИ**

Постојан и слободен преглед и увид во состојбата на книжните фондови на Библиотеката се овозможува преку процесите на автоматизација на библиотечниот материјал, кои процеси беа интензивни во текот на 2014 година.

Стручната служба континуирано, согласно правилата на COBISS каталогизацијата за монографски публикации ги обработуваше сите публикации кои беа набавени во 2014 година, а чиј број изнесува **7.217 наслови**.

При обработката се применуваа Меѓународните стандарди за библиографски опис **ISBD - (m)** и Универзалната децимална класификација **(UDK).**

Со цел да се ослободи магацински простор, кој на Библиотеката многу и недостига, при обработката, покрај новонабавените публикации паралелно се обработуваа и најстарите публикации од кои, од најнечитаните публикации, во магацинот се оставаше по еден примерок, а другите примероци се носеа во депото на Библиотеката, односно во гаражата и во клонот во Тополчани.

На сите оддели во Библиотеката се вршеше ретроактивен внес на записи во автоматизираниот каталог, а во подрачните библиотеки во Варош и во с. Тополчани, техничката и стручната обработка се вршеше на класичен начин.

**2.2 ТЕХНИЧКА И СТРУЧНА ОБРАБОТКА**
**НА СЕРИСКИ ПУБЛИКАЦИИ**

Обработката на сериските публикации се вршеше на класичен начин поради недостаток на стручен кадар.

**КАТАЛОЗИ**

Покрај стандардниот автоматизиран каталог, иво 2014 година се ажурираа и каталозите со картончиња, како што следува:

**Детски оддел:**
- азбучен каталог по наслови на книги и
- основен каталог

**Оддел за возрасни:**
- азбучен каталог по автори
- каталог според УДК
- основен каталог

**Роднокраен оддел:**
- азбучен каталог по автори
- основен каталог

**Оддел за странска литература:**
- азбучен каталог по автори
- основен каталог

**Оддел за сериски публикации:**
- основен каталог по наслови на весници и списанија

Во подрачните библиотеки се изготвуваа само основни каталози.

**3. ПРОГРАМА**

**3.1 ЧУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КНИЖНИТЕ ФОНДОВИ**

Како што е познато поголемиот дел од книжниот фонд во Библиотеката е сместен во магацинот, кој во никој случај не ги задоволува предвидените стандарди за чување на публикации, од причина што температурните разлики се доста големи (во зима е премногу студено, а во лето температурите се превисоки и проветрувањето не е доволно).

А минималниот магацински простор, кој во последниве неколку години е целосно исполнет, сѐуште создава големи проблеми при работата, за што се наложи потребата дел од фондот, кој помалку или воопшто не се користи, да се дислоцира во Книговрзницата, во гаражата и во подрачната библиотека во село Тополчани.

Поради недостиг од магацински простор е отежнато издавањето на публикациите, а се вршат и чести прередувања со цел максимално да се искористи расположивиот простор, кој со секојдневното исполнување со нови и нови книги, сé повеќе и повеќе се намалува (т.е. исчезнува).

Од магацинот, покрај монографските публикации, се издаваа и томови од вкоричените весници „Нова Македонија“, „Дневник“, „Народен глас“, „Зенит“ и „Службен весник на Република Македонија“.

И во Детскиот оддел магацинскиот простор не е доволен, но со оглед на тоа што е дислоциран дел од најстариот фонд, кој е обновен, состојбата е задоволителна. Исто така, задоволителни беа и температурните услови, а и тоа што фондот е целосно на увид за слободен избор на младите корисници.

Во Одделот за странска литература фондот е целосно достапен за слободен избор на корисниците, а исто така, во овој оддел корисниците можат да го користат и просторот за самостојно учење.

**КОРИСНИЦИ**

Зголемување на бројот на корисниците на публикации и информации во двата оддела на Библиотеката и обезбедување пријатни услови во нејзините простории, е постојана грижа и заложба во нејзиното работење. За остварување на таа цел се наложи и потребата да се збогати и понудата на информативно-пропагандни материјали за нејзината дејност.

На услуга на читателите, а со цел да им го олесни пребарувањето при откривањето на публикациите во фондовите, Информациската служба им беше на располагање во две смени.

Информациите кои се нудеа на корисниците им беа достапни преку пребарувањето низ каталозите од картотеките, преку базите на податоци на Виртуелната библиотека на Македонија, во COBISS/OPAC системот, каде, покрај на Библиотеката, може да се пребаруваат базите со податоци и на сите библиотеки во Македонија. Потоа можеа да се користат и информациите од Веб-страната на Библиотеката www.biblioprilep.org.mk.

Во 2014 година продолжи да функционира и Проектот „Такси книга“, така што редовно и навремено беа снабдувани со бараната литература и корисниците кои не можат да доаѓаат во просториите на Библиотеката, односно старите и изнемоштените, и инвалидизираните лица.

Бројот на членовите од година во година сé повеќе се зголемува, кое нешто се должи на постојаното прилагодување и задоволување на потребите на корисниците. И во 2014 година овој број се движеше по нагорна линија, а за тоа придонесе и набавката на актуелна литература, брзата и ефикасна информација од страна на

вработените, кампањата за популаризација на книгата и многубројните културни активности и манифестации што се одржуваа преку целата година, како што се:

- организирањето на изложби на новонабавена литература
- организирањето на продажни изложби, односно продажни саеми во соработка со издавачките куќи во Република Македонија,
- организирањето на традиционалните културни манифестации (Поетско Маркукуле, Млади библиотекари, Најдобар рецитатор и Најдобра лична творба, Најдобар оратор),
- навремените информации за новонабавена литература преку локалните медиуми,
- изработката на пропаганден материјал,
- изработката на упатства за користење на картотеките,
- изработка на упатства за користење на автоматизираниот каталог ОРАС
- периодично намалување на уписнината.

Во Библиотеката можеа да се зачленат сите граѓани, не само на Прилепска општина, туку и пошироко од Република Македонија, и тоа од најразлична возраст.

Структура на членовите:

**Во Детски оддел:**

- Ученици од претшколска возраст
- Ученици од I до VIII одделение.

**Во Оддел за возрасни:**

- Ученици
- Студенти
- Работници
- Невработени
- Пензионери
- Домаќинки
- Научни работници и т.н.

**4. ПРОГРАМАЧИТАЛНИ**

Постојните и потенцијалните членови на услугите на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп и во текот на 2014 година имаа доста добри услови за престој и интелектуална работа во нејзините три читални (Големата сала, Малата затворена читална, каде е сместен и Дигиталниот клуб, читалната во Детскиот оддел и трите читални за самостојно учење во Одделот за странска литература), кои беа редовно снабдувани, покрај со дневните и со најтиражните неделни весници и списанија, исто така и со странска периодика, при што сметаме дека во целост беа задоволени потребите на овие читатели, кои редовно ги посетуваа и ги користеа овие услуги.

Во текот на 2014 година и Дигиталниот клуб, со сите 10 компјутери, работеше секој ден, при што максимално беа користени и интернет услугите кои ги нуди Библиотеката.

Обновената читална во Библиотеката, односно Големата сала покрај, како читална, во 2014 година се користеше и како конгресна сала, во која се одржуваа разни значајни настани и манифестации.

**5. ПРОГРАМАИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**

**5.1. МОНОГРАФСКО - БИБЛИОГРАФСКИ ИЗДАНИЈА**

Преку континуираната издавачка дејност на Библиотеката, во 2014 година, излегоа од печат следните публикации:

– **„70 години од убиството на Борка Талески и Лазо Филиповски-Лавски“. Зборник на трудови** од Тркалезната маса одржана во ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп, во 2013 година

– **„Поетско Маркукуле 2013“** - Поетски зборник од истоимената традиционална, мултимедијална и интернационална манифестација

Поради недостиг на средства не се реализираа предвидените книги:

– **„За градбите на господарот наш Јустинијан (DE AEDIFICIIS DOMINI NOSTRI IUSTINIJANI)“** од Прокопиј од Кајсареа, а во превод од латински на македонски јазик на Миле Богески,

– **„Прилепски спортски големини“** од Драгољуб Башески и

– **„Семејните библиотеки во Прилеп“** од Петар Петрески и Магда Василеска

Нивната реализација се предвидува за 2015 година.

**6. ПРОГРАМА**

**6.1. ЗАШТИТА И РЕПРОГРАФИЈА**

Заштитата на книжниот фонд се врши во Книговрзницата на Библиотеката, каде и во 2014 година континуирано беа вкоричувани весниците „Нова Македонија“, „Дневник“, „Зенит“ и „Службен весник на Република Македонија“, а исто така, извршена е заштита, односно вкоричување и на повеќе оштетени книги.

**7. ПРОГРАМА**
**7.1 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

**ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА, ТРИБИНИ**

- На **17.02.2014** година, во Големата сала на Библиотеката, беше одржан **Дебатен форум на ЈОГА Сојузот на Македонија** и **ЈОГА Друштвото од Прилеп,** под наслов **„Спиритуалноста и духовните вредности во времето на кризата“**;
- На **02.03.2014** година беше одбележан **Патрониот празник** на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп, со **посета на споменикот во месноста „Чашка“ и Могилата на непобедените** во Прилеп;
- На **13.03.2014** година, во Големата сала на Библиотеката, беше промовирана книгата **„Предводена од љубовта“** од младата прилепчанка **Ивана Адамческа**;
- На **17.03.2014** година беа промовирани романите **„Старецот со кавалот“** и **„Жртва на љубовта“** од нашата сограѓанка **Весна Шереметкоска**;
- На **21.03.2014** година, во Големата сала на Библиотеката, беше промовирана книгата **„77 за Прилеп“** од **Роза Ристеска**;
- На **08.04.2014** година, беше промовирана книгата: **„Раскрсница“**, од Симона Костадиноска;
- На **29.04.2014** година, беше промовирана книгата **„Без алкохол здрав живот“** од Петре Стеваноски
- На **16.05.2014** година, беше промовирана најновата книга **„И ѕвездите се благодарни што постоиш“** од нашата сограѓанка **Марија Ѓорѓиоска**;
- На **05.06.2014** година беше одржан **Дебатен форум на ЈОГА Друштвото од Прилеп,** под наслов **„Од воспитување до знаење“**;
- На **24.06.2014** година беше промовирана дебитантската книга **„Вистинска љубов“** од **Билјана Јандреска**;
- На **30.06.2014** година беа промовирани книгите: **„Кумството во црквата „Света Недела“ во Смилковци“** и **„Колумни на беседи и рецензии“** од **Ангелина Маркус**;
- На **16.08.2014** година, во 19:00 часот, во организација на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп, Локалната самоуправа на Општина Прилеп и Македонското културно друштво „Пелла“, од Љубљана, Р. Словенија, по осми пат под Марковите Кули на **„Тронот кај Слонот“** се одржа традиционалната, мултимедијална и интернационална манифестација, **„Поетско Маркукуле `2014“**. Во рамките на истата **беше промовиран и зборникот** од минатогодишната манифестација **„Поетско Маркукуле `2013“**;
- На **10.09.2014** година беше промовирана книгата **„Подарок за ангелот“** од **Сања Бозароска**;
- На **17.09.2014** година беше промовирана книгата **„Република - Метеори“** од **Александар Цветаноски**;
- На **22.09.2014** година, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп, ДНУ-Прилеп и Државниот архив на Македонија, организираа изложба **„Балканските војни во Македонија (1912 – 1913)“**;
- На **02.10.2014** година ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп во соработка со ДНУ-Прилеп организираа предавања на тема: **„Онеспособување нагени – Технологија на генско нишанење“** предавач: **д-р Петар Томев Митрикески** од **Институтот „Руѓер Бошковиќ“ од Загреб**;
- На **22.10.2014** година се одржа предавање на тема: **„Прилепскиот конгрес на битолскиот револуционерен округ“,** предавач: **Проф. д-р Михајло Миноски**;
- На **02.11.2014** година се одржа предавање на тема: **„Самоил во Македонската историја“,** предавач: **Проф. д-р Милан Бошкоски**;
- На **18.11.2014** година, беа промовирани книгите: **„Македонистиката во странската славистика“** и **„По стапките на Христијанството во Македонија“** од **Вера Стојчевска – Антиќ**;
- На **02.12.2014** година, беше одржана Трибина **„Интеграција на лицата со интелектуална попреченост“**;
- На **09.12.2014** година, беше промовирана книгата **„Добрината не поминува ненаградена“** од **Мелани Паноска**;

- На **25.12.2014** година, беше промовирана Монографијата **„Прилеп – Милениумско пулсирање 1014-2014“**, по повод 1000 години од основањето на Прилеп,во издание на **Друштвото за наука и уметснот - Прилеп** и **Локалната самоуправа на Општина Прилеп**;
- На **26.12.2014** година, беше промовирана книгата **„ТАА“** од **Наталија Трајковска**;
- На **27.12.2014** година, беше промовирана книгата **„Предигра низ песна“** од **Билјана Јандреска**;

**8. ПРОГРАМА**

**АВТОМАТИЗАЦИЈА НА БИБЛИОТЕЧНОТО РАБОТЕЊЕ**

За поефикасна автоматизација на библиотечното работење и во 2014 година се обезбеди стручно обучување на кадарот и тоа:

- Обука на библиотечниот кадар во COBISS/3 програмската подршка
- COBISS/3 каталогизација на монографски публикации
- COBISS/3 каталогизација на библиографии
- COBISS/3 зајмување

Обуките за COBISS програмската подршка се одржуваа во тренинг центарот на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**9. ПРОГРАМА**

**АДМИНИСТРАТИВНО - ПРАВНИ РАБОТИ И ИНВЕСТИЦИИ**

Административно - правните работи се извршуваа во текот на 2014 година, континуирано и со вообичаената динамика, а во интерес на потребите на Библиотеката.

Сета документација навреме се проследуваше за понатамошна обработка.

Изготвени беа бројни информации, анализи, барања, извештаи, преписки, пополнети повеќе прашалници и табели во врска со работата на Библиотеката, кои беа упатени до надлежните министерства и други институции во државата, како и до Локалната самоуправа – Прилеп.

**9.1 ПРАВНА СЛУЖБА**

